РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До:** г. Оливер СПАСОВСКИ, генерален секретар на Социјалдемократски сојуз на Македонија

УПП бр. 03-90

Скопје 04.04.2014г.

**Предмет: Одговор на претставка во врска со прилог емитуван на 27.03.2014 година, во вестите од 15 часот на ТВ Канал 5**

Почитувани,

Во врска со вашата претставка број 03-370/1 од 31.03.2014 година, доставена до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 31.03.2014 година и евидентирана во Уписникот за постапување по претставки и предлози УПП бр. 03-90, ве известуваме за следново:

ТВ Канал 5 во прилогот насловен „Дали Заев и ја препушта премиерската позиција на Шеќеринска", емитуван во вестите од 15 часот на 27 март 2014 година, прави анализа на прашањето кој би бил можниот кандидат за премиер од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија. Точно е дека во прилогот се реферира на податоци од испитувања на јавното мислење, меѓутоа целта на прилогот воопшто не е да соопшти резултати од испитување на јавното мислење, и затоа не може да се третира по член 77 од Изборниот законик. Начинот на кој е направен прилогот (отстапеното време, врамувањето, тонот) ќе биде составен дел на оценката за избалансираноста на овој медиум при покривањето на изборите.

Со почит,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Претседател,

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

- Одговорот е доставен и до ТВ Канал 5

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Бул. ВМРО бр.3
1000 Скопје
Република
Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk